Јавно претпријатие
КОМУНАЛЕН СЕРВИС Валандово
Бр. 02-595/4
18.12. 2020 год.

Врз основа на член 88 став 3 од Законот за административни службеници (Сл. Весник на Р. Македонија бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16, 80/16, 127/16, 2/17, 16/17, 11/18, 143/19 и 14/20) и член 25 од Закон за вработените во јавниот сектор (Сл. Весник на Р. Македонија бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18, 275/19 и 14/20), Управниот одбор на седница одржана на ден 17.12.2020 ја донесе следнава

# О Д Л У К А

**За утврдување на вредност на бод за пресметување на плати на вработените во ЈП Комунален сервис Валандово**

**Член 1**

Вредност на бод за пресметување на плати во бруто износ на вработените во ЈП Комунален сервис Валандово изнесува **76 денари.**

**Член 2**

Бодовите за секое работно место, соодветно образование на вработените и додатоците на плата ќе се пресметува според Правилник за основна плата и други надоместоци на плата на вработените во ЈП Комунален сервис Валандово донесен од страна на Управен одбор на претпријатието со број 02-11/3 од 18.01.2019 година.

**Член 3**

Пресметувањето на новата вредност на основна плата и други надоместоци ќе започне од 01.01.2021 година.

**Член 4**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на нејзиното усвојување од страна на Советот на Општина Валандово.

**ЈП Комунален сервис Валандово**
Претседател на Управен одбор
Васко Камчев